# ЗАМП

**Здружение за заштита на авторски музички права**



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2025



# СОДРЖИНА

Годишен извештај 2025



ЗАМП – заштита на авторските музички права, поддршка на авторите на музика и носителите на мали права.


01 **ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ** 03
Порака од директорот

02 **КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ** 04
Вкупна наплата, раст и маса за распределба

03 **ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** 06
Наплата, категории, МРТВ, кабелски оператори, дигитални сервиси

04 **МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ** 10
Билатерални договори, добиени и исплатени средства

05 **ДОКУМЕНТАЦИЈА И СОРАБОТКА** 11
Автори, дела, регионални средби, CISAC и AI

06 **ПЕРЦЕПЦИЈА** 14
Фактури, наплата, опомени и присилна наплата

07 **РЕПАРТИЦИЈА** 16
Програми, пресметки, странски користења и стандарди

08 **ДИГИТАЛИЗАЦИЈА** 19
F-Manager и R-Manager како дополнување

09 **ЗАКЛУЧОЦИ** 25
Приоритети и следни насоки

# СОБРАНИЕ НА ЗАМП

Највисок орган на Здружението

**16**
членови во Собранието

**4 години**
мандат на членовите

**минимум 3**
потребни критериуми

## Клучни функции

Претседател на Собранието

**Дејан Момироски**

Овластено лице за замена

**Никола Автовски**

## Улога и избор

Собранието е највисок орган на ЗАМП. Го сочинуваат 16 членови со мандат од 4 години и право на повторен избор.

Претседателот се избира од редот на членовите, со мнозинство гласови од присутните членови, и ја организира работата на Собранието.

## Членови на Собранието

- **Николче Мицевски**
- **Ристо Самарџиев**
- **Весна Малинова**
- **Александар Ристовски Принц**
- **Мартин Вучиќ**
- **Дарио Панковски**
- **Огнен Неделковски**
- **Дарко Тасев**
- **Дарко Илиевски Ј.**
- **Никола Автовски**
- **Тодор Завков**
- **Љупчо Соколовски**
- **Дејан Момироски**
- **Кристијан Габроски**
- **Ѓорѓи Крстевски**
- **Никола Перевски**

# УПРАВЕН ОДБОР

Орган на ЗАМП според официјалната веб-страница

**8** **членови**

Управниот одбор го сочинуваат 8 членови.

**Мандат**

4 години, со право на повторен избор.

**Избор**

Членовите ги избира Собранието на ЗАМП.

**Претседател на Управниот одбор**

**Љупчо Павловски**

Овластено лице за замена

**Орце Лазаров**

**Членови на Управниот одбор**

- Благојче Трајковски
- Димитар Димовски
- Орце Лазаров
- Давор Јордановски
- Деан Ќурчиев
- Илија Ќосевски
- Орце Зафировски

**Основни критериуми за кандидат**

- 50+ пријавени дела
- 7 години управувани права
- 1.500 € годишно / 5 години
- придонес во македонската музика

# НАДЗОРЕН ОДБОР

Орган на ЗАМП • состав и мандат

**4**
члена во Надзорниот одбор

**4 години**
мандат со право на повторен избор

**избор**
според критериуми и постапка за Собрание

01
Претседател на Надзорниот одбор
**Сашо Ливрински**

02
Овластено лице кое го заменува претседателот во негово отсуство
**Петар Ренџов**

## Членови на Надзорниот одбор

- Сашо Ливрински
- Влатко Стефановски
- Петар Ренџов
- Петар Младеновски

# ОБРАЌАЊЕ

**Директор**


ОБРАЌАЊЕ

Директор

Борче Нечовски

ДИРЕЕКТОР

2025 година ја одбележа нашата постојана посветеност на заштитата на авторските музички права и создавањето вредност за членовите, корисниците и пошироката заедница. Во динамично опкружување, останавме фокусирани на нашата мисија: фер вреднување на креативноста и унапредување на културата преку музиката.

Со засилен надзор на користењето музика, дигитализација на процесите и проширување на партнерствата, постигнавме значаен раст на приходите и ефикасноста. Го подобривме корисничкото искуство преку нови дигитални алатки и транспарентни сервиси, поставувајќи нови стандарди во управувањето со права.

Посебна гордост претставува поддршката на домашното музичко творештво преку фондовите за култура и образовните програми. Веруваме дека инвестицијата во младите автори и изведувачи е инвестиција во иднината на нашата музичка сцена.

Нашата сила е во довербата што ја градиме секојдневно – со членовите, партнерите и институциите. Ви благодариме за поддршката што нè мотивира да бидеме подобри, поодговорни и поиновативни.

Со јасна визија и силна посветеност, уверени сме дека и во годините што доаѓаат ќе продолжиме да создаваме вредност и да бидеме сигурен партнер на сите што ја живеат музиката.

“Музика та не само што обединува, таа гради иднина.”

*Борче Нечовски*

4 | ЗАМП / Годишен извештај 2025.

## Борче Нечовски

**Директор на ЗАМП**

2025 година ја одбележа нашата постојана посветеност на заштитата на авторските музички права и создавањето вредност за членовите, корисниците и пошироката заедница. Во нашето динамично опкружување, останавме фокусирани на нашата мисија: фер вреднување на креативноста и унапредување на културата преку музиката.

Со засилен надзор на користењето музика, дигитализација на процесите и проширување на партнерствата, постигнавме значаен раст на приходите и ефикасноста. Го подобривме корисничкото искуство преку нови дигитални алатки и транспарентни сервиси, поставувајќи нови стандарди во управувањето со овие права.

Посебна гордост претставува воведувањето на нови иновативни дигитални процеси кои веќе уште оваа година дадоа импозантни финансиски резултати и унапредување на работните процеси.

Нашата сила е во довербата што ја градиме секојдневно - со членовите, партнерите и институциите. Ви благодариме за поддршката што не мотивира да бидеме подобри, поодговорни и поиновативни.

Со јасна визија и силна посветеност, уверени сме дека и во годините што доаѓаат ќе продолжиме да создаваме вредност и да бидеме сигурен партнер на сите што ја уживаат музиката.

**“Музиката не само што обединува, таа гради и иднина.”**

# Клучни показатели

**2025 година во најважни бројки**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **186.013.080 ден.** | **+24,58%** | **154.243.907 ден.** | **112** | **3.209** |
| вкупна наплата | раст во однос на 2024 | основна маса за распределба | нови автори и носители | домашни автори во репартиција |







**Вкупна наплата на авторски надоместоци и документација на дела и репартиција за 2025 година**

# Финансиски сектор

**Наплата и распределба на наплата - вовед**

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права-ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2025 година.

Финансов сектор – наплата и распределба на наплата

Вкупната наплата во календарската 2025 година изнесува 186.013.080,00 денари што во однос на 2024 година претставува зголемување од 36.703.054,00 денари или процентуално зголемување од 24,58%.

**149.310.026 ден.**
2024

**186.013.080 ден.**
2025

**36.703.054 ден.**
зголемување



# Наплата по категории

**Споредба на 2024 и 2025 година**







Наплатата по категории од 1-5 изнесува 122.857.431,00 денари што во однос на 2024 година претставува зголемување од 35.354.834,00 денари или изразено во процентуален износ зголемување од 40,40%.

# Табела: наплата по категории

## Податоци од финансискиот сектор

| Категорија | 2024 | 2025 |
|---|---:|---:|
| Концерти на сериозна музика | 263.207 | 470.973 |
| Концерти на популарна музика | 8.999.978 | 13.065.544 |
| Забавни приредби и жива музика | 17.832.435 | 30.520.017 |
| ХОРЕКА и објекти со механичка музика | 46.724.483 | 64.581.659 |
| Комерцијални радио-телевизиски организации | 13.682.494 | 14.219.238 |
| МРТВ | 6.626.852 | 12.781.198 |
| Кабелски оператори | 54.423.677 | 47.368.753 |
| Вкупно (1-8) | 148.553.126 | 183.007.382 |
| Дигитални сервиси | 756.900 | 3.005.698 |
| **Се вкупно** | **149.310.026** | **186.013.080** |

*Напомена: Износите се во денари.*

# Посебни финансиски сегменти

**МРТВ, кабелски оператори и дигитални сервиси**




Во 2025 година наплатени се вкупно 12.781.198,00 денари од МРТВ што во однос на 2024 година преставува зголемување од 6.154.346,00 денари, или во процентуален износ зголемување од 92,87%.

Од кабелските оператори во 2025 година наплатени се 47.368.753,00 денари по основ на музичките права согласно на потпишаниот Договор за реемитување на музички содржини во телевизиски и радио програми со кабелските оператори како и Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП, што во однос на наплатата од претходната година претставува намалување од 7.054.924,00 денари или изразено во процентуален износ од -12,96%.Тоа се должи на наплатата од предходната година во која има акумулирано побарувања од повеќе години.

Во 2025 година наплатени се и 3.005.698,00 денари од дигиталните сервиси согласно потпишаниот договор за застапување со MINT од Швајцарија. Наплатените парични средства од дигиталните сервиси се исплатуваат со поединечни пресметки и не се составен дел од масата за распределба за 2025 година.

# Маса за распределба

**Формирање на основната маса за 2025 година**




Од наплатата од реден број 1-5 во износ од 122.857.431,00 денари е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од 85% во вкупен износ од 104.428.814,00 денари. Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од наплатата од МРТВ во износ од 10.864.018,00 денари и со делот од наплатата од кабелски оператори за музички права согласно договорите за реемитување на музички содржини како и наплатата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела во износ од 40.263.441,00 денари, паричните средства вратени во 2025 година по завршување на судските постапки во износ од 3.095.567,00 денари, приходи од камати на орочени денарски средства за 2025 година во износ од 1.176.538,00 денари како и приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од 19.862,00 денари со што прибраните парични средства за распределба за репартициoната 2025 година изнесуваат 159.848.240,00 денари.

Износот на прибраните парични средства за распределба за репартициoната 2025 година се намалуваат со трошоците согласно член 50 од Статутот на ЗАМП кои во 2025 година изнесуваат 5.604.333,00 денари, со што вкупната основна маса за распределба за репартициoната 2025 година по сите основи изнесува 154.243.907,00 денари што во однос на 2024 година преставува зголемување од 30.239.562,00 денари или изразено во проценти зголемување од 23,89%.

# Меѓународни финансиски текови

**Средства добиени и исплатени преку странски авторски друштва**




## Добиени средства

Согласно склучените билатерални договори со странски авторски друштва, во 2025 година ЗАМП има добиено парични средства во износ од 5.727.264,00 денари од: APRA-Австралија, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, SOKOJ-Србија, JASRAC-Јапонија, SGAE-Шпанија, TEOSTO-Финска, PAM-Црна Гора, HDS ZAMP-Хрватска, SOCAN-Канада, SUISA-Швајцарија, PRS-Англија, ACUM-Израел, BMI-Америка, UBC-Бразил, OSA-Чешка Република, STIM-Шведска, ARTISJUS-Унгарија, MESAM-Турција, AKM-Австрија, UCMR ADA-Романија, ASCAP-Америка, MUSICAUTOR-Бугарија, TONO-Норвешка, KODA и NCB-Данска, AMUS-Босна и Херцеговина и AKKA LAA-Латвија кои ќе бидат исплатени на македонските автори.

## Исплати и обврски

Во 2025 година ЗАМП изврши исплата кон странските авторски друштва PRS-Обединето Кралство, SADAIC-Аргентина, SACM-Мексико, KODA-Данска, SOCAN-Канада, UCMR ADA-Романија, MESAM-Турција, BMI-Америка, SOKOJ-Србија, SAZAS-Словенија, STIM-Шведска, SIAE-Италија, HDS ZAMP-Хрватска, PAM-Црна Гора, TEOSTO-Финска, AMUS-Босна и Херцеговина и OSA-Чешка во износ од 7.572.126,00 денари.

Согласно Генералниот лиценцен договор за кабелско реемитување во 2025 година надоместоците за странските иматели на права членките на EBU координацијата, RTL и CORINT MEDIA изнесуваат 4.189.536,00 денари и истите ќе бидат предмет на исплата во 2026 година. Исплатени се обврските за претходните години према имателите на права и тоа: RTCG-Црна Гора, HRT-Хрватска, TVE-Шпанија (како членки на EBU), RTL и CORINT MEDIA во вкупен износ од 2.863.643,00 денари.

# Сектор за документација

**Евидентирање, обработка и размена на податоци**

Секторот за документација во текот на 2025 година продолжи со континуиран и редовен ангажман насочен кон евидентирање и системска обработка на авторските дела, размена на документација и податоци со сродните авторски друштва во регионот и во светот, активности кои се од суштинско значење за да се направи процесот на распределба на авторските надоместоци, прецизен и ефикасен.

Во текот на годината Секторот регистрираше 112 нови автори и носители на авторски права, кои потпишаа договори, односно пристапија кон колективното управување на ЗАМП. Исто така бројот на регистрирани и евидентирани авторски дела достигна бројка над 2000.




**112**

нови автори и носители

**над 2.000**

евидентирани дела

# Меѓународна соработка

**Регионални средби и европски стандарди**

Во рамките на Секторот за меѓународна соработка примарен фокус беше ставен на одржување и продлабочување на соработката помеѓу Здруженијата за колективно управување од други земји. Овие активности се насочени кон унапредување на оперативните процеси и нивно усогласување со највисоките европски и светски стандарди во оваа област.

За таа цел ЗАМП учествуваше на организирани регионални средби: во Белград на 17.04.2025 година и во Јерузалем, Словенија на 14-15.10.2025 година каде што Здруженијата од регионот (Србија, Црна Гора, Словенија, Хрватска, Македонија и Босна) дадоа извештај за работата од претходната година, се разговараше за тековните проблеми со кои се засегнати сите друштва од регионот и стратегии за подобрување на работата со заеднички проекти.

| Белград 17.04.2025 | Јерузалем, Словенија 14-15.10.2025 |
| --- | --- |

**Фокус: усогласување со европски и светски стандарди, регионална координација и заеднички проекти.**

# CISAC, Cis-Net 2 и вештачка интелигенција

Европски комитет, Генерално собрание и годишен семинар

### Вилнус, Литванија

Потоа ЗАМП учестваше и на европскиот комитет на CISAC (International Confederation of Societies of Authors and Composers) во Вилнус, Литванија од 29.04.2025 до 30.04.2025 година, каде беа остварени средби и панел дискусии за теми поврзани со монетизација на вештачка интелигенција и колективно управување со авторските права во дигиталната ера.




### Бугарија

На Генералното Собрание на CISAC одржано во Бугарија 28.05.2025 година беа презентирани технолошките новости од CISAC за новата верзија на Cis-Net 2 и ISWC услугите. Повторно една од главните теми е и AI регулативата и регистрација на дела создадени со вештачка интелигенција.




### Будимпешта

Меѓународните средби се завршија со одржувањето на CISAC/BIEM annual seminar на 09-10.12.2025 во Будимпешта каде повторно акцент на работните средби беше ставен на Вештачката Интелигенција и се поголемиот замав што го зема во креирањето на музиката и каков правец на делување треба да заземе креативната индустрија.



# Сектор за перцепција

## Фактурирање и реализација на наплатата




Во текот на 2025 година за т.н. мали права издадени се 8639 фактури кон корисници во износ од 149.565.732,00 ден. од кои во тековната година наплатени се 70.714.349,00 ден. односно реализирана наплата од 47,28%.

Како и секоја година така и во тековното работење во 2025 година, ЗАМП се соочуваше со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои и покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваа и по неколку пати, покажуваа крајна финансиска недисциплина, па согласно на тоа бевме принудени авторскиот надоместок да го побаруваме со поведување на постапки пред надлежните судови.

[redacted]

**8.639**
фактури

**47,28%**
реализација

**70.714.349**
тековна наплата

# Присилна наплата

**Постапки пред судови и извршители**

**809**

постапки за присилна наплата

Во текот на 2025 год., ЗАМП поведе вкупно 809 постапки за присилна наплата за неплатени фактури со пресметан авторски надоместок, на подрачјето на Апелационите судови во РСМ.

Со поведување на постапки за присилна наплата на заостанатиот долг по основ на неплатен авторски надомест, се соочија корисниците кои уредно и навремено не ја исполнија својата законска обврска за плаќање на авторски надоместок за јавно соопштување на авторски музички не сценски дела во објектите во кои се врши пред се угостителска дејност, хотели, маркети, телевизии и радија, организатори на музички настани.

Оние корисници кои го немаат доброволно исплатено долгот по основ на правосилно и извршно решение, за истите се поведени постапки за присилна наплата пред надлежен извршител. Еден дел од предметите се сеуште во судска постапка.

# Сектор за репартиција

**Распределба и редовно функционирање**

Во извештајот се опфатени активностите и резултатите од работењето на Секторот за репартиција во текот на 2025 година, со посебен осврт на процесите поврзани со распределбата на авторските надоместоци и редовното функционирање на секторот.

Во текот на годината беа обработени програмите од корисниците, беше направено ажурирање и унапредување на базите на податоци, како и сите неопходни подготвителни активности за спроведување на годишната пресметка. Во согласност со одредбите од Законот за авторското право и сродните права беше реализирана репартиционата пресметка за 2025 година, во која беа опфатени 3209 домашни автори. Воедно, беше спроведена и распределбата на средствата кон странските авторски друштва со кои ЗАМП има воспоставено билатерална соработка.

**3.209**

домашни автори опфатени со пресметката

## Клучни процеси

- обработка на програми од корисници
- ажурирање и унапредување на бази
- подготовка и спроведување пресметка
- распределба кон странски друштва

# Репартиција: дела користени во странство

**Пресметки за домашни автори преку партнерски организации**

Во рамките на своите редовни активности, секторот ја изврши и пресметката на надоместоците за домашните автори чии музички дела биле користени во странство и за кои биле наплатени авторски права преку партнерските организации. Во декември 2025 година беа реализирани исплатите за домашните автори согласно договорите за реципроцитет од следните авторски здруженија: ACUM (Израел), APRA (Австралија), HDS ZAMP (Хрватска), KODA (Данска), SOKOJ (Србија), SOCAN (Канада), SUISA (Швајцарија), JASRAC (Јапонија) и LATGA (Литванија).




**Исплатите преку договори за реципроцитет ја поврзуваат домашната авторска сцена со меѓународниот систем на колективно управување.**

# Репартиција: стандарди и обработка

**CRD, CISAC, Cis-Net 2 и Batch-внес**

### Меѓународни стандарди

Во текот на 2025 година Секторот за репартиција континуирано ги следеше современите пракси и развојните трендови во областа на распределбата на авторските права, искуствата на сродните организации од регионот, како и новитетите што произлегуваат од работењето на CISAC. Во редовна употреба беа стандардизираните CRD електронски формати за размена на податоци со странските авторски друштва, при што беа имплементирани сите потребни измени согласно најновите технички спецификации и стандарди на CISAC. Со најавата на воведување на Cis-Net 2, се започна со континуирано учество на вебинарите за подготовка и миграција кон новиот систем.

### Бази и Batch-внес

Беше посветено внимание на ажурирањето и дополнувањето на целокупната документација што се однесува на базите на податоци. При обработката на програмите за емитувани музички дела се применуваше Batch-внесот што придонесе за поголема ефикасност и автоматизација на работните процеси. Воедно, редовно се спроведуваа активности за одржување, надградба и заштита на базите на податоци, како и процедури за обезбедување, сигурност и континуитет во работењето.

# Дигитализација на ЗАМП

**F-Manager и R-Manager како модуларна основа**




Овие документи се користат како дополнување за планирана дигитализација и унапредување на работните процеси, и во тек е нивно целосно имплементирање во целокупниот работен процес.

### F-Manager

Фактури и финансиско работење; кабелски оператори; дигитална архива и Е-деловодник; електронско известување; книговодство.

### R-Manager

Домашни автори; дела; издавачи и подиздавачи; Event Manager; API интеграции, пресметки и извештаи.

# Очекувани придобивки од дигитализацијата

**Консолидирање на работните процеси**

### Контролирано фактурирање

тарифи, фактури, опомени, тужби и аналитика

### Комплетна финансиска аналитика

побарувања, делумно плаќање, периоди, застапници и адвокати

### Дигитална архива и OCR

метаподатоци, архивски број, штембил, пребарување и GDPR

### Е-потпис и е-достава

масовно потпишување, e-mail достава и нотификации

### Единствена база на податоци

автори, дела, издавачи и настани поврзани со пресметки

### API поврзување

МОЈ ЗАМП, IPI, CIS-Net, Balkan Hub, BMAT/ACR Cloud

# Заклучоци и следни насоки



1. **Задржување на растот на наплатата и проширување на опфатот на корисници.**
2. **Подобрување на реализацијата на фактурите и намалување на заостанати долгови.**
3. **Засилена обработка на документација, точност на базите и меѓународна размена.**
4. **Попрецизна и поавтоматизирана репартиција со стандардизирани формати.**
5. **Постепено планирање на дигитализација преку F-Manager и R-Manager.**



2025 ја поставува основата за поефикасна наплата, попрецизна распределба и посовремено управување со музичките права.